**Извештај од одржана средба за проблематиката на практичната работа во Македонија**
**Скопје, 19.05.2009, AmCham**

Средбата беше организирана од страна на AmCham, во соработка со здружението Конект и Министерството за труд и социјална политика.

Средбата имаше за цел да отвори дискусија за предизвиците поврзани со законската рамка за практична работа во Македонија со кои се соочуваат самите актери во процесот (оние кои ги примаат како и оние кои испраќаат практиканти) и да ги идентификува потребите од измени во постоечките закони.

На средбата присуствуваа 13 учесници, членови на AmCham, претставници на претпријатија кои спроведуваат програми за практична работа и образовни институции (листа во прилог). На работилницата присуствуваа и: Емил Крстановски, претставник од Министерството за труд и социјална политика и Мишел Османли и Зоран Илиевски од AmCham. Средбата ја модерираше Никица Кусиникова од Конект.

***Воведно обраќање***

На почетокот, Никица Кусиникова даде вовед и ја објасни целта на средбата и потребата од отпочнување на процес преку кој засегнатите страни ќе ги споделат согледувањата од реализирање на практична работа кои се однесуваат на законската рамка и активно ќе се вклучат во процесот на нејзино ревидирање. Потоа таа го сподели предизвикот на граѓанскиот сектор со промовирање на волонтерството поради негово поистоветување во јавноста со практичната работа иако поимите се различни во својата суштина. Анализата утврдила дека тоа во голема мерка се должи и на несоодветна законска регулатива која не нуди дефиниција на поимите волонтерство и практична работа како и соодветна рамка за нивно имплементирање. Тоа резултирало со донесување на Закон за волонтерство кој ги дефинира и уредува формите на организирана волонтерска работа. Таа посочи дека сличниот процес би можел да се примени и во доменот на практичната работа доколку се заклучи дека се потребни законски измени.

Емил Крстановски претставник од МТСП во своето обраќање се наврати на Законот за работни односи и одредбите кои се однесуваат на практичната работа. Тој истакна дека Законот содржи одредби само во доменот на приправничкиот стаж и волонтерскиот стаж кој е обврзувачки како услов за полагање на стручен испит или за самостојно вршење на дејност во согласност со закон. Сепак, со законот не се опфатени сите форми на практична работа и изрази подготвеност на МТСП да ги ислуша препораките од засегнатите страни и да соработува во утврдувањето на потребите во оваа област.

***Резиме од дискусијата***

Речиси сите присутни истакнаа дека врз база на нивните искуства, постоечката законска регулатива не нуди соодветна рамка која ќе ја поттикнува практичната работа во претпријатијата во Македонија. Генерално беше укажано на потребата да се

канализира организирањето на практичната работа во насока на дефиниција, одредување на времетраењето на практичната работа, присуството и обврските на практикантите итн.

Дискутантите ги споделија своите искуства од доменот на практичната работа посочувајќи на предизвиците со кои се соочуваат. Притоа од дискусиите произлезе потребата да се разграничат два различни сегменти од практичната работа: 1) практична работа на студентите во рамки на образовниот процес и 2) практична работа кај лицата кои го комплетирале образованието и се надвор од образовниот систем а се невработени. Овие два сегменти допираат различни законски прописи, се соочуваат со различни предизвици и потенцијално би опфаќале различни актери вклучени во процесот на организирање на практичната работа.

Во сегментот на практична работа на студентите во рамки на образовниот процес, беше посочено дека задолжителната практична работа е дел од Болоњскиот процес за високото образование. Праксата вообичаено се канализира преку соработка на претпријатијата со Универзитетите со склучување на интерни Договори за соработка. Претпријатијата кои ангажираат студенти за практична работа се соочуваат со проблемот на недостаток на континуитет во обавувањето на праксата. Поради Европскиот кредит-трансфер систем на образование, студентите мораат да присуствуваат на наставата во текот на работната недела при што не се во можност временски да ја обавуваат праксата во предвиденото времетраење од 40 часа неделно. Студентите се во можност континуирано да ја обавуваат праксата само во текот на летните месеци кога обемот на работа кај повеќето претпријатија е намален. На тој начин, претпријатието не може континуирано и конзистентно да ги испланира своите интерни програми за рактична работа. За претпријатијата е пожелно да може преку ваквите програми за практична работа да препознае и обучи иден кадар, но тоа за еден месец задолжителна пракса е невозможно.

Од страна на образовните институции беше посочено дека со сегашната инфраструктура за обавување на пракса од страна на студентите, не е возможно да се задоволат потребите. Иако практичната работа е задолжителна за студентите, многу од претпријатијата немаат интерни програми за примање на практиканти. При промоцијата на проектот „Моја кариера“ поддржан од УСАИД помеѓу претпријатијата низ Македонија, многу од нив посочиле дека поради недостатокот од соодветно законско дефинирање и уредување тие не знаат како да постапуваат па голем број, особено мали и средни претпријатија одлучуваат да не вклучуваат практиканти во нивната работа. Присутните претставници од образовните институции за високо образование посочија и дека е потребно во овој сегмент да се вклучи и Министерството за образование кое е носител на прописите за практичната работа на студентите.

Покрај практичната работа на студентите, се потенцираше и потребата од поместување на фокусот кон значителната популација на невработени кои го завршиле своето образование и се надвор од образовниот систем. Практичната работа од страна на оваа популација е во согласност со активните мерки за вработување и треба активно да се поттикнува. Потребно е да се децентрализира од Скопје и кон другите градови во Македонија каде има претпријатија кои работат добро и би можеле да вклучат одреден број на практиканти. Но, во овој домен не постои соодветна законската рамка која ќе ги овозможи директното реализирање на програмите за практична работа од страна на претпријатијата.

КОНЕКТ

Аспектот на плаќањето на практикантите (трошоците за храна и превоз, осигурување, одреден надомест итн) беше потенциран како особено чувствителен за што не постои законска регулатива. Тој треба соодветно да се регулира и притоа да се направи дистинкција од Законот за работни односи особено со плаќањата кои произлегуваат како обврска од основање на работен однос.

Сепак, беше посочено дека треба да се внимава при регулирањето на оваа проблематика да не се дефинираат работите премногу тесно и детално што би предизвикало недостаток на флексибилност и дополнителни бариери за актерите во реализирањето на вакви програми.

Покрај законското уредување на практичната работа, присутните се согласија дека е потребна и дополнителна мотивација за фирмите да примаат практиканти. Тоа би можело да се поттикнува преку стипендии или субвенции за покривање на трошоците за практикантите.

При крајот од средбата беше опфатен и сегментот на практичната работа од страна на странските студенти во претпријатијата во Македонија и евентуалната потреба од нивно опфаќање со законската регулатива. За оваа проблематика потребно е да се консултираат и студентските организации кои посредуваат во ваквите програми за пракса и да се утврди дали постојат препреки кои законски би требало да се адресираат.

Присутните учесници на средбата ја поддржаа иницијативата за ревидирање на законската рамка во овој домен и го изразија својот интерес активно да се вклучат и придонесат во процесот.

***Заклучоци***

Од дискусијата во текот на средбата може да се сумираат следните заклучоци:

- Потребно е да се дефинира рамка која даде насоки за оние кои сакаат да примаат практиканти како и за оние кои посредуваат во обезбедување (“испраќање“) на практиканти;
- Неопходно е да се направи разграничување помеѓу практичната работа на студентите и на оние кои се вон образовниот систем и соодветно адресирање на нивните различни потреби и предизвици;
- Пожелно би било да се предвидат мерки кои ќе обезбедат бенефит и кои ќе ги мотивираат субјектите кои сакаат да примаат практиканти;
- При дефинирањето на законската регулатива особено внимание треба да се обрне на аспектот на надоместокот кој би го примале практикантите;
- Во процесот на ревидирање на законските прописи во овој домен покрај Министерството за труд и социјална политика, потребно е да се вклучат и други клучни институции како Министерството за образование и наука, Агенцијата за вработување итн;
- Покрај поттикнувачка законска рамка постои потреба и од поддршка на претпријатијата, особено на малите/средни во развивање на интерни програми за практиканти согласно можностите и прописите;
- Да се испитаат потребите од регулирање на практичната работа на странски лица во Македонија.

***Идни чекори***

Согласно текот на дискусијата и изведените заклучоци во понатамошниот период се препорачуваат следните активности:

- Споделување на извештајот од средбата одржана на 19.05.09 со учесниците како и пошироко со членките на AmCham за нивно информирање и прибирање на дополнителни согледувања и предлози;
- Проследување на извештајот до одговорните лица во Министерството за труд и социјална политика;
- Организирање на состаноци со одговорните лица од Минитерството за труд и социјална политика и Министерството за образование за дефинирање на процесот по кој би се иницирала ревизија на законската регулатива во доменот на практичната работа;
- Креирање на механизам за вклучување на заинтересираните членови на Комитетот на AmCham за развој на работна сила во процесот на ревизија на законската регулатива (во рамки на работната група за изготвување на нацрт текстот, јавни расправи и трибини итн);
- Доколку постои интерес, вклучување во јавните расправи на други заинтересирани страни (други деловни здруженија, Агенција за вработување, Проект на УСАИД за поттикнување на конкурентност, медиуми итн);
- Редовно комуницирање за прогресот на иницијативата кон членките на AmCham;
- Во зависност од исходот на процесот на ревизија на законската рамка, промовирање на измените во законот и поддршка на претпријатијата заинтересирани да воспостават програма за практична работа преку изготвување на водич кој ќе даде насоки за новите прописи и начините на кои можат да се реализираат ваквите програми.